Таа е полна со имиња на луѓе. Знаете ли чии имиња се напишани таму? На сите луѓе кои веруваат во Исус.

Дали твоето име е таму?






Последните зборови во Библијата за Рајот се прекрасна покана.






„И Духот и невестата велат: ‘Дојди!’ И кој чуе, нека каже: ‘Дојди!’ И кој е жеден, нека дојде. И кој сака, нека земе од водата на животот дарум”.






Рајот, Прекрасниот дом Божји

Приказната од Словото Божјо, Библијата,

се наоѓа во

Јован 14; 2 Коринтјаните 5; Откровение 4, 21, 22

„Влезот на Твоето Слово дава светлина.”
Псалм 119:130

# Рајот, Прекрасниот дом Божји



Напишана од Edward Hughes
Илустрирана од Lazarus

Преведена од Christian Lingua
www.ChristianLingua.com
Адаптирана од Sarah S.

Приказна 60 од 60

**M1914.org**

**Bible for Children, PO Box 3, Winnipeg MB R3C 2G1 Canada**

Лиценца: имате право да ја копирате или да ја печатите
оваа приказна, се додека не ја продавате.

Господ знае дека ние сме правеле лоши нешта, кои Тој ги нарекува грев. Казната за грев е смрт.

Господ нè сака толку многу што Тој го испратил Својот Син, Исус, да умре на Крст и да ги исплати нашите казни. Исус повторно оживеа и замина во Рајот! Сега Господ може да ни ги прости нашите гревови.

Ако сакате да се отргнете од вашите гревови, кажете му го ова на Господ: Драг Господе, верувам дека Исус умре за мене и сега повторно живее. Те молам влези во мојот живот и прости ми ги гревовите, за да можам да имам нов живот сега, а потоа да бидам со Тебе засекогаш. Помогни ми да живеам за Тебе како Твое дете. Амин. Јован 3:16

Читај ја Библијата и разговарај со Бога секој ден!

Македонски јазик Macedonian

Кога Исус живееше на земјата Тој им кажуваше на Своите ученици за Рајот. Тој го нарекуваше „Куќата на Мојот Отец”, и кажуваше дека таму има многу палати. Палата е голем, прекрасен дом. Рајот е поголем и попрекрасен од кој било дом на земјата.





Исус рече, „Ќе одам да подготвам место за вас. И ако одам и подготвам место за вас, Ќе се вратам повторно и ќе ве примам кај Мене”.



Исус отиде во Рајот, откако воскресна од мртвите. Додека Неговите ученици гледаа, Исус беше подигнат, и облак го одведе Него надвор од нивниот видик.



3

Од тогаш, Христијаните го паметат Исусовото ветување дека ќе се врати за да ги земе. Исус рече дека ќе се врати ненадејно, кога најмалку се очекува. Но што со Христијаните кои починале пред Тој да дојде? Библијата вели дека тие одат право да бидат со Исус. Да не бидеш во телото е да бидеш присутен со Бога.




4

Откровение, последната книга во Библијата, ни кажува колку е прекрасен Рајот. Најпрекрасното нешто е тоа што, на многу посебен начин, Рајот е Божји дом. Бог е насекаде, но Неговиот престол е во Рајот.



5

Ангелите и другите небески суштества го слават Бога во Рајот. Така прават и сите Божји луѓе кои починале и отишле во Рајот.



6

Тие пеат посебни песни за да го слават Бога. Еве неколку зборови од една песна што тие ја пеат: ДОСТОЕН СИ ДА ЈА ЗЕМЕШ КНИГАТА И ДА ГИ СКРШИШ НЕЈЗИНИТЕ ПЕЧАТИ.



7

ЗАШТО ТИ БЕШЕ ЗАКЛАН И СО СВОЈАТА КРВ НÈ ОТКУПИ ЗА БОГА ОД СЕКОЕ КОЛЕНО, ЈАЗИК, НАРОД И ПЛЕМЕ И НÈ НАПРАВИ ПРЕД НАШИОТ БОГ ЦАРЕВИ И СВЕШТЕНИЦИ;.
(Откров. 5:9)



8

Последните страници од Библијата го опишуваат Рајот како „Нов Ерусалим”. Тој е многу, многу голем, со високи ѕидови однадвор. Ѕидот е од јаспис, чист како кристал. Драгоцени камења ги покриваат основите на ѕидот, сјаејќи со преубави бои.



Секоја од градските порти е направена од еден огромен бисер!

9

Овие големи бисерни порти никогаш не се затворени. Ајде да влеземе внатре и да погледнеме наоколу ... ЛЕЛЕ! Рајот е уште попрекрасен внатре. Градот е направен од чисто злато, како проѕирно стакло. Дури и улиците се направени од злато.



10

Прекрасна, чиста реки со водата на животот тече од тронот на Бога. На едната страна од реката е дрвото на животот, кое прво постоеше во Градината Едем. Ова дрво е многу посебно. Тоа дава дванаесет различни видови на плодови, различен вид секој месец. И лисјата од дрвото на животот служат за лекување на народите.



11

Во Рајот не е потребно сонце или месечина за осветлување. Славата на Бога го исполнува со прекрасна светлина. Таму никогаш не е ноќ.



12

Дури и животните во Рајот се поинакви. Сите се питоми и пријателски. Волците и јагнињата заедно пасат трева. Дури и моќните лавови јадат слама како говедата. ГОСПОД вели, „Тие нема да повредат ниту уништат во Мојата света планина”.



13

Како што разгледуваме наоколу, забележуваме дека некои нешта недостасуваат во Рајот. Никогаш не се слушаат лоши зборови. Никој не се тепа и никој не е себичен.



14

Нема катанци на вратите, бидејќи нема крадци во Рајот. Нема лажговци, убијци, волшебници, или други нечесни луѓе. Нема грев од никаков вид во Рајот.



15



Во Рајот со Бога нема повеќе солзи. Понекогаш, Божјите луѓе плачат поради големата тага во овој живот. Во Рајот, Бог ќе ги избрише сите солзи.

16

Нема смрт во Рајот, исто така. Божјите луѓе засекогаш ќе бидат со Господ. Нема повеќе тага, нема повеќе плачење, нема повеќе болка. Нема болести, нема разделби, нема погреби. Сите во Рајот се среќни засекогаш со Бога.



17

Најдобро од се, Рајот е за момчиња и девојки (како и за возрасни) кои веруваат во Исус Христос како нивен Спасител и го слават Него како нивен Господ. Во Рајот има книга наречена Книгата на животот на Агнецот.




18